# World Theatre Day, 27 March 2016

# Journée Mondiale du Théâtre, 27 mars 2016

# Message: Anatoli Vassiliev, Russia

Message

**Пораката на Анатолиј Васиљев за Светскиот ден на театарот – 27 март, 2016**

Потребен ли е театар?

Се прашуваат иљадници разочарани театарски професионалци и милиони луѓе уморни од него.

Што ќе ни е?

Во годините кога сценското дејство е толку ништожно во споредба со плоштадите на градовите во земјите во кои се одигруваат  трагедии од вистинскиот живот.

Што ни претставува театарот?

Позлатени балкони, кадифени седишта, валкани кулиси, измачени гласови или обратно - црни кутии,  извалкани со кал и крв заедно со куп бесни, голи тела.

Што може да ни каже?

Се’!

Театарот може да ни каже се’.

И како боговите живеат на небо, и како затворениците скапуваат во пештерите, и како страста возвишува, и како љубовта погубува, и како добриот човек не е потребен и како измамата царува, и како луѓето живеат по станови додека деца венеат по кампови за бегалци, и како сите потоа треба да се вратат во пустината, и како заљубените се разделуваат. Театарот може да ни раскаже се’.

Театар имало и секогаш ќе има.

И сега, во последниве педесет или седумдесет години, тој е особено потребен. Затоа што од сите јавни уметности само театарот се случува од уста в уста, од очи в очи, од раце в раце, од тело - кон тело. Нему не му треба посредник меѓу човек и човека – тој не ја претставува најпровидната страна на светлината, не светлината од југ, или од север, од исток, или од запад – туку светлината сама по себе, што свети од сите четири страни и која е лесно препознатлива за секој човек, без разлика  дали е непријател  или добронамерник.

Театарот, потребно е да е различен.

If you need a Word file instead of a PDF file of the message, please write to info@iti-worldwide.org.

Copyright © 2016 by Anatoli Vassiliev and ITI, France

# World Theatre Day, 27 March 2016
# Journée Mondiale du Théâtre, 27 mars 2016

## Message: Anatoli Vassiliev, Russia

И од многуте и најразлични форми  на театар токму архаичните ќе бидат најискористувани. Ритуалниот театар не смее вештачки да биде поставен, наспроти театарот на „цивилизираното општество“. Светската култура се повеќе и повеќе се обезличува,  таканаречената „културна информација“ постепено ги заменува едноставните суштини и нашето можно запознавање со нив.

Театарот е отворен. Влезот е слободен.

Во бестрага со игриците и компјутерите – одете во театар, зафатетите ги местата во партер и на балкон, заслушајте се во зборовите и загледајте се во живите „слики“ – пред вас се случува театар, не го занемарувајте и не го пропуштајте за време на својот брз живот.

Театарот е потребно да е секаков.

Само еден театар е непотребен. Тоа е театарот на политичките игри, театарот на политичките стапици, театарот на политичарите, политичкиот театар. Театарот на секојдневниот терор – личен и колективен, театар на трупови и театарот на крв на улиците и плоштадите, во главните градови и провинциите, меѓу религиите и етникумите.

Translation into Macedonian by: Дејана Николовска, Скопје, 2016

If you need a Word file instead of a PDF file of the message, please write to info@iti-worldwide.org.

Copyright © 2016 by Anatoli Vassiliev and ITI, France